**20152085750**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 11-а од Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија” бр. 34/01, 6/02, 98/08 и 33/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.11.2015 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕТО И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ ЗА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ ВО ЕЛЕКТРОНСКИ ОБЛИК И ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС ПРИ ПОСТАПКИ НА УВОЗ, ИЗВОЗ И ТРАНЗИТ

Член 1

Во Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при постапки за увоз, извоз и транзит („Службен весник на Република Македонија” бр. 134/08, 13/11 и 138/13) во член 4 став (2) во алинејата 10 зборовите „-Биро за лекови“ се бришат.

Во алинејата 15 сврзникот „и“ се заменува со запирка.

Во алинејата 16 точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова алинеја 17 која гласи:

„- Агенција за лекови и медицински средства“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-11213/1
21 ноември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.